**Стојко Стојков**

**За да не стане Вардарска Пиринска и да не нè повтори историјата.**

*Презентација на книгата на Бранислав Светозаревиќ – Покорни: Македонци, милениумски сведоштва за идентитетското име (Штип, 07. 11.2024 г., 18.00, хотел Урбаниста).*

Почитуван домакине Кирил Нашков,

Почитувана и драга деканке на Факултетот за образовни науки Емилија Петрова – Ѓоргева.

Драг колега и пријателе Бранислав Светозаревиќ,

Почитувани колеги и љубители на историјата, знаењето, словото и вистината

Се имаме собрано денес да зборуваме за делото на ценетиот колега и пријател Бранислав Светозаревиќ – Покорни: Македонци, милениумски сведоштва за идентитетското име.

Но кога веќе ми паднаа в раце трибината и зборот, дозволете ми – сакале или не, да ја искористам шансата да постапам како примерен егоист и да започнам не со книгата или авторот туку со .... себе.

Зошто прифатив да бидам промотор, кога веќе ја имам еднаш промовирано и кога таа е во движење не од вчера?

Не само затоа што Бранислав ми е пријател – иако да не си ја кривам душата тоа играше многу важна улога. А и не изгледа безбедно да го одбиете човекот, кого цело Тетово го вика, а УДБА го има идентификувано како Лав. тешко е да се одбие Лавот од Тетово. Надворешноста лаже – не гледајте што изгледа вака мирен и благороден, секој лав изгледа така кога е среќен. А и како лав се има борено со архивите за да ни ја даде оваа книга.

А најверќе затоа што зборуваме за книга, чија појава и ефект сосема недвосмислено ја издвојува од нормалните книги што излегуваат.

Таа сама по себе е и *феномен* и *дијагноза* и *рецепт*.

Ретко ќе најдете во нашата понова историја историска книга која да разбудила толку интерес кај читателите не само од академската гилдија но и од целиот народ.

Не верувам дека има книга која да доживеала промоции и презентации на толку многу места во Македонија и светот, промоции на кои доаѓаат луѓе од сите класи, професии.

Во оваа голема мапа на триумф на книгата имаше една важна празнина – Штип. Сега тоа го поправаме.

Има глад за оваа книга кај народот, во време кога нападите против македонскиот идентитет – кои реално и никогаш не престанале - добија на жестокост и на интензитет, до степен кој го загрозува опстанокот на Македонците како нација.

Ако историјата е постојан дијалог со минатото со цел подобро разбирање на сегашноста, но и на самите себе, тогаш секое време си има свои доминанти, свои жешки теми и прашања кои да ги постави пред историјата.

И жешката и срамна тема на нашето време е имено оспорувањето на македонскиот национален и етнички идентитет. Тема што ни се наметнува однадвор.

Од една страна е навистина тажно и срамно прашање да го прифатите дури на дискусија – како да не знаете кој сте и што сте, кои се вашите, како да сте недовршена личност, изгубен случај.

Од друга страна е само по себе важно прашање за кое вреди да се бара одговор од историјата.

Но така или инаку тоа станува клучно прашање, кога некој ве оспорува и ја прави *вашата* иднина заложник на *своите* претензии кон *вашето* минато.

А имаме два начина на кои да бараме одговори од минатото. Едниот е преку долготрајни и макотрпни анализи на се што останало од него. Вториот е многу подиректен – преку наоѓање и објавување на клучните документи од минатото, оставајќи го колку што е возможно тоа самото да зборува.

Книгата на Бранислав Светозаревиќ ни дава можност да одиме по овој вториот пат, да појдеме на средба со минатото, помагајќи ни колку што е потребно, но без да се меша во нашиот личен разговор со историјата.

И покрај бројните успеси на македонската архивистика и историографија во изминатите децении и десетици зборници со документи што се објавени, ние до денес немавме еден фокусиран труд во кој да се собрани конкретно и доволно широко изворите за корените и развојот на македонскиот идентитет и нација, а во јадрото на овој развој е се разбира името Македонци.

Овој наш пропуст е толку почуден кога се земе во предвид систематскиот идентитетски напад на кој се подложена Македонија и Македонците од повеќе страни и кој трае подолго отколку нашата современа Република, при што негаторите на македонската нација имаат вложено многу труд да ги најдат сите можни документи што би можеле да го оспорат нашиот идентитет и кај нас и низ светот.

*Како негаторите да се повеќе заинтересирани да нè нема нас отколку ние - да постоиме.*

Ова создава несомнена диспропорција меѓу она што го има во архивите и она што го има на научната маса по македонското прашање и уште повеќе - со она што ѝ е достапно на јавноста.

Иако зачуваните историски сведоштва во светот се како океан, тие се само капка од она што било. Сепак оние за Македонија се како големо море во овој океан – не знаеме колку се, но знаеме дека зборуваме во десетици милиони, можеби и над 100 милиони. Од нив во употреба

се влезени во науката само мал дел, илјадници, а уште помал дел е објавен. Неколку илјади од десетици милиони. Капка од капката на капката – премалку за да задоволи било чија жед. Но уште полошо - ова сушава капка не претставува репрезентативен примерок за да биде дегустиран вкусот на македонското море. Негаторите извршиле огромен труд да извадат се што може да го поколеба или оспори нашиот идентитет, многу-многу-многу повеќе отколку сме направиле ние. Затоа капката се чини толку пресолена.

Зашто ние работиме од многу поскоро како држава и наука и во неголем број како научници, притоа индивидуално, неорганизирано, несистематски без поголема поддршка од државата за разлика од инвестициите вложувани во нашата негација во соседството и како природна последица имаме откриено помал дел од она што се сочувало, а пак извадено - уште помалку од она што го има, а и тоа помалку го немаме направено доволно достапно.

Не ли е тоа апсурдно – во нашето негирање некој вложува повеќе отколку ние во нашето афирмирање!

Иако ако помислиме – сепак се негира само нешто што постои... Негацијата е и вид афирмација. Тврдењето Македонци нема само докажува дека такви напротив – има.

Така документите во јавна циркулација не ја одразуваат реалната пропорција во изворите, туку создаваат тенденциозна слика. Ова треба да се поправи. На тоа работи и Бранислав Светозаревиќ во оваа книга, и во вториот том што е на повидок.

И тука ние сме во силна позиција научно – да не постоел македонскиот идентитет немаше ниту да има документи и сведоштва за него, а такви има многу и секој ден излегуваат нови документи кои го потврдуваат самобитниот развој на македонската нација - излегуваат дури и без наш напор. Негаторите тоа не можат да го објаснат. Тие се обидуваат да го докажат негативното, да докажат дека не сме постоеле, а во таква ситуација е доволен еден доказ, како што е еден куршум за да го убие непријателот.

Ние сме во победничка позиција ако не се предадеме. Ако се остават процесите да се одвиваат негациите се не само кауза пердута тие се изгубена кауза, што нејзините промотори самите повеќе не веруваат дека може да победи научно. Времето и науката работат за нас.

Затоа нашите негатори се исплашени и брзаат да го затворат прашањето политички, наместо да го остават на науката. Сакаат со политичка присила да не натераат да ги прифатиме нивните лаги, да ги кажеме истите лаги на нашите деца, да запреме слободно да истражуваме, мислиме и зборуваме за себе. Да се откажеме од предците, од себе, да ги предадеме децата, иднината, вистината и верата во себе. Тие не бараат едноставно да престанеме да бидеме Македонци, тие свесно или несвесно бараат да прифатиме дека не сме завршени луѓе како сите други, дека имаме потреба од старател. Дека сме дегенарати.

Зошто им се брза толку? Затоа што Тие го направија максимумот, тоа е се што можеа да направат и од тука натаму можат само да губат позиции. Затоа сакаат да ја оковат

македонската наука и мисла, да го замолчат македонскиот глас. Влезот во НАТО и Европа им се последните шанси да не уценат. После тоа доаѓа само нивниот проаз.

Но оваа антицивилизациска агресија, овој нов обид за духовна окупација предизвика нов народен отпор. Ова никако не можеа да го искалкулираат негаторите зашто во нивната имагинација таков народ и не постои и нема како да го вклучат во сметките. Затоа никогаш не им излегуваат. Како и во 1941 г. така и сега тие се судираат со народот што го негираат, а тој народ е не само факт тежок како планина, но е и борбен и упорен. Се вклучија во пребарувањето на архиви луѓе од сите професии на сите континенти и може храбро да се каже дека во последните три децении повеќе историски документи за македонскиот идентитет беа најдени од такви луѓе отколку што од нас историчарите.

Бранислав Светозаревиќ се претвори во фокусот, во гласот, во трибунот на овие луѓе. Им дава трибина со својата книга. Неговото дело така е не само негово, но и народно. Тоа им дава глас и на умрените и на живите. И дава збор на маката македонска. Ѝ дава глас на македонската самобитност.

На гласот на Македонија, кој толку многу сили сакале и сакаат да го замолкнат. Помислете колку од соседните држави биле заинтересирани да собираат, објавуваат и промовираат документи за македонската самобитност. Николку. Во минатото немало ниту можност да се создаваат македонски институции кои да продуцираат, собираат и чуваат такви документи. Не само што никој немал личен интерес да се запише Македонец во она време на Балканот *за разлика од да речеме Бугарин Србин или Грк*, туку дури спротивно - имал интерес да не го документира таквиот свој казнив непокор. Оние што сепак го правеле тоа зборувале, пишувале и сведочеле против својот интерес, пројавиле храброст, па дури понекогаш и глупост додека „паметните“ молчеле. Но и некој да се запишел некаде Македонец – никој ниту индивидуално, ниту семејно, а ниту некоја институција на Балканот немале интерес да зачуваат еден таков документ, а да не зборуваме да го презентираат на јавноста. Големото мнозинство документи што се создаваат секојдневно по принцип се уништуваат - се чуваат оние од кои некој има интерес. А од чување на македонски документи пред создавањето на модерната македонска држава интерес немало – напротив! А во нашето соседство нема ниту денес. Затоа, како создавањето така и запазувањето на секој еден таков македонски документ, па дури и неговото пронаоѓање е некаде меѓу хероизмот, чудото и слепата случајност. И наспроти тоа имаме толку многу документи за македонскиот идентитет и продолжуваат постојано да се откриваат нови. Тоа ја покажува исклучителната вкоренетост и виталност на еден идентитет кој извира и се гради одвнатре и одоздола а не е наметнуван однадвор одозгора, кој единствена поддршка наоѓа во желбата и волјата на македонскиот човек и расте наспроти неповолната надворешна клима и постојаното обесхрабрување, па дури газење и искоренување.

Тука е тешката задача на сите негатори, тие сакаат да го убедат умот на Македонецот, дека Македонци нема, кога македонските идентитет извира од срцето, а срце со софизми не се

лаже. Можете да создадете предавници преку манипулација на умот, предавници на својот народ и на своето срце, но не можете да го освоите срцето на цел еден народ.

Срцето ја чувствува вистината, ја чувствува и лагата, го насетува и своето и туѓото.

*Но овој труд зборува не само на срцето, туку и на умот.* Умот е загрозен сега, тој има потреба од спасување. Овој труд доаѓа да пополни една длабока празнина и да задоволи една голема и актуелна жед во науката и општеството – да го заштити умот на народот, да ја врати увереноста да ја закрепне надежта.

Треба сѐ да се извади, сите документи, за да може да спечели вистината - вистината е нашето единствено оружје. Вистината и правдата се оружјата што послабиот го прават силен.

Па иако нашите негатори за моментот изгледаат посилни, особено политички – ние сме посилни со вистината.

Затоа зборуваме за специјално дело, а не едноставно за уште една па била таа и многу добра историска книга.

А и во откривањето на вистината без разлика што таа се докажала одамна како витален државен интерес – за жал државата пројавува зачудувачки слаба заинтересираност. Битува дури мислењето дека историчарите ги создаваат проблемите и ако молчиме – проблемите ќе ги снема. Ова е истата онаа наметната однадвор парадигма што ние во Пиринска Македонија ја живееме – ние сме проблемот затоа што постоиме, да би не снемало би го снемало и проблемот. Поглед на свет достоен за таткото на лагата.

Последните години сите се убедија во таа лага – молчењето и виткањето на половината проблемот не го решава а го продлабочува.

Со години сум сакал да излезе таков труд и сум се чудел *нема ли херој да се најде ламјата на лагата да ја отепа*... Кога на крајот тој сам стигна до мене – мојата радост беше голема. Голема!

И уште повеќе сум радосен што овој труд не запира, тој расте - Бранислав спрема втор том, а верувам дека ќе има место за трет и четврт и ...... Ова е сега најактуелниот повик кон македонската историографија – ако во минатото архивите не беа достапни – сега повеќето се. Интернетот отвори можности за истражување за кои ние порано не можевме дури и да сонуваме. Архивите за Македонија по светот се како неистражената бездна на океанот. Треба да се вклучат уште повеќе луѓе, не само историчари.

Зборуваме сега за книга од 886 страници во кои се вклучени необјавени извори од 33 архивски единици и извори од 46 објавени збирки. Употребената литература вклучува над 220 книги и околу 350 статии. За читателот нема да е физички лесно да ја издржи во рака оваа книга, а авторот требало интелектуално да ја роди – извршен е титански труд.

*ШЕГА – ВИДЕТЕ ЈА ..... мислам Бране дека уште една добра карактеристика е дека научниците кои ен сме познати како боди билдери сега преку твојата книга ќе можат и да да го вежбаат и умот и телото во исто време.*

И сиот овој голем труд е само почеток. И имено како почеток на едно патување, на едно нурнување во минатото, треба да се чита.

И вредноста и актуелноста не доаѓаат само од тоа што се собрани на едно место сведоштва за употребата на македонското име на македонскиот простор во текот на скоро три милениуми. Иако и тоа само по себе би било достојно за поздравување! Но овде е извршено и истражување на смислата, разбирањето и начинот на употреба на името Македонци низ историјата, една исклучително сложена тема во која авторот вложил многу труд, енергија и постигнал нешто што си заслужува. Зашто поимите се како етикети кои можат да се ставаат на различни содржини, но исто така можат да бидат исфрлани, заборавани... Милениумската истрајност имено на оваа „етикета“ и токму на нашиот простор, стремежот кон македонското име, интересот кон македонското име, желбата демонстрирана генерација после генерација да се направи македонското име *свое* на начин кој бил достапен во соодветното време, претставува значајна историска појава, која заслужува длабоко проучување. Таа покажува дека не зборуваме за етикета, мода или привремена појава а за нешто длабоко, поврзано со луѓето и просторот, нешто што трае и истрајува. Оваа страст кон македонското име се демонстрира и во времето на национализмот кога наспроти парадигмите – заблудите во тогашната наука кои би требало да го направат употребата на името Македонци невозоможно и непосакувано, сепак луѓето пројавувале исклучителна упорност во тоа да го направат *свое*, да го задржат името Македонци на еден или друг начин, барале начини да ја заобиколат научната барикада, срцето го победувало умот и така научно осветената лага била отфрлана како туѓо ткиво. Па дури и оние чиј ум прифаќал немакедонски идентитет барале начин да не го изостават македонското име, туку некако да го вградат во својот нов идентитет.

Дел од тоа е и нашиот проблем – луѓето што прифатиле не-македонски идентитет, ама сакаат сепак да го земат со себе и македонското име. Од нив страдаме можеби најмногу. Од не-македонските Македонци и на исток и на југ.

Но тоа покажува и дека ова е име кое вреди да се чува. Зашто ако за некои тоа е само еден од пердувите со коишто се китат тоа за нас е единственото национално име. Друго си немаме.

Тоа ни сведочи книгата за која зборуваме денес.

Имаме потреба од неа и од уште такви книги.

Авторот заслужува и пофалба и поддршка!

Заслужуваат пофалба и сите што го помогнале објавувањето на неговата книга и сите оние фолклорни, народни скриени херои кои трагаат во темните тунели на историските архиви, за да ја донесат на светлото на денот вистината.

Му посакувам да не запира да го унапредува својот труд и да биде уште поуспешен во тоа!

Честитам и на авторот и на читателите.

А кон сите вас собраните овде апелирам – читајте ја книгава, памтете го минатото за да не ни се повтори историјата!

Чувајте го името и идентитетот за да не стане Вардарска – Пиринска, да не ви се случи Пиринска Македонија, да не ве снајде бугарско чудно!

Ви благодарам за вниманието и трпението!